EVN

**Политика за ангажирање вработени во синџирот на вредности на ЕВН**

Свесни сме за влијанијата што нашите процеси на набавки ги имаат врз животната средина и општеството и сме посветени на заштита на вработените во нашиот синџир на вредности.

**Цели**

Оваа политика служи како водич при нашите напори за идентификување, процена и управување со материјалните влијанија, ризиците и можностите поврзани со вработените во нашиот синџир на вредности. Ги дефинира принципите и процесите што претставуваат основа за следење, контрола и/или ублажување на актуелните или потенцијалните влијанија и ризици.

Политиката ја нагласува нашата посветеност за постигнување одржливо усогласување на сите процеси за набавки во ЕВН и дава позитивен придонес во исполнувањето на целите на Европскиот зелен договор. Исто така, нашата посветеност ги одразува Целите за одржлив развој (SDGs) на Обединетите нации (ОН), кои ги поддржуваме долги години – особено SDG 12 „Одговорна потрошувачка и производство".

**Област на важење**

Оваа политика ги опфаќа сите материјални одржливи активности за набавка во ЕВН и се однесува на целокупната групација. Таа се применува за сите вработени во синџирот на вредности, освен ако не е поинаку назначено.

Исто така, очекуваме нашите деловни партнери, добавувачи и клиенти да ги почитуваат и да ги поддржат нашите напори за ублажување на влијанијата на нашите набавки врз вработените во синџирот на вредности. Ние соработуваме, секаде каде што е можно, на минимизирање на влијанијата на нашите заеднички активности врз животната средина и општеството и работиме на исполнување на нашите еколошки цели.

Со овие принципи на однесување и насоки за дејствување, се концентрираме на темите од интерес утврдени за време на годишното ажурирање на анализата на материјалноста.

**Дефиниција**

Вработен во синџирот на вредности е лице што врши работа во синџирот на вредности на ЕВН – независно од постоењето или од природата на договорниот однос со ЕВН. Вработените во синџирот на вредности на ЕВН се разликуваат по географска област и група производи. Следниве вработени би можеле да бидат особено погодени од материјални влијанија од нашите активности:

→ Вработени на локацијата на Друштвото, кои не се дел од сопствената работна сила (и не спаѓаат во област на примена на ESRS S1)

→ Вработени во Друштвата во почетниот (Upstream) дел од синџир на вредности

→ Вработени во Друштвата во крајниот (Downstream) дел од синџир на вредности

→ Вработени што се особено ранливи поради својствени карактеристики или посебни околности, пред сè:

- Жени и девојки
- Млади вработени
- Вработени со миграциски статус или различна етничка припадност
- Вработени со нехетеросексуална ориентација

**Принципи на однесување**

Разгледувањето и вклучувањето на интересите на вработените во синџирот на вредности во нашите одлуки и бизнис-активности се засноваат на следниве принципи на однесување, кои се применуваат во сите наши активности за набавки:

→ Усогласеност: Обезбедуваме предуслови да се исполнат – и секогаш кога е можно да се надминат – законските барања и насоки дефинирани со меѓународните рамки. Примери за овие рамки, меѓу другите, се Водечките принципи на ОН за човекови права, Меѓународниот закон за човекови права (Универзална декларација за човекови права), Декларацијата за основните права и принципи на работа на Меѓународната организација на трудот вклучувајќи ги основните конвенции и насоките на Организацијата за економска соработка и развој (The Organisation for Economic cooperation and Developement – OECD) за мултинационални претпријатија. Прекршувањата што имаат влијание или претставуваат ризик на вработените во синџирот на вредности, се управуваат со соодветни процеси како дел од нашиот стратегиски менаџмент на добавувачи.

→ Одговорност: Секој вработен е одговорен за минимизирање на влијанијата и на ризиците за вработените во синџирот на вредности како дел од неговите или нејзините активности.

→ Континуирано подобрување и активно управување: Преку активно управување со нашите процеси на набавка, ги поддржуваме и континуирано ги подобруваме нашите одрживи набавки.

→ Транспарентност: Соработуваме со нашите деловни партнери и со нивните вработени за да ја осигуриме и да ја зголемиме транспарентноста во синџирот на вредности.

→ Пристап заснован на ризик: Низ целата групација го следиме пристапот заснован на ризик, во согласност со нашето стратегиско управување со добавувачите, сè со цел да ги анализираме влијанијата, ризиците и можностите за вработените во синџирот на вредности.

**Приоритетни насоки на дејствување**

Вработените во синџирот на вредности играат важна улога во одрживите набавки на ЕВН и затоа ги дефиниравме следните насоки на дејствување:

→ Развој на компетенции: Ги развиваме вештините на нашите вработени и на нашите деловни партнери и нивните вработени преку обуки и работилници за обезбедување и поддршка на хумани работни услови.

→ Зголемување на транспарентноста во синџирот на вредности на ЕВН: Постојано работиме на развој на сеопфатна слика на нашиот синџир на вредности заедно со сите поврзани актуелни или потенцијални влијанија, ризици и можности.

→ Мерки за зголемување на различноста и ублажување на дискриминацијата: Бараме од нашите деловни партнери да создаваат инклузивна работна средина, која ја почитува и ја поддржува

различноста на вработените. Покрај тоа, ние ги охрабруваме нашите деловни партнери да обезбедат исти можности за сите вработени, независно од нивниот пол или други лични карактеристики.

→ Мерки за зголемување на безбедноста при работа и здравјето на работното место: Ние бараме од нашите деловни партнери да обезбедат безбедни и здрави работни услови за вработените во нашиот синџир на вредности и да ги спроведат ефективно мерките за спречување несреќи при работа, повреди и болести поврзани со работата.

→ Спречување детски труд, принудна работа и ропство: Бараме нашите деловни партнери да преземат активни мерки за спречување и борба против принудната работа, детскиот труд и ропството.

→ Ублажување на ризиците од човековите права поврзани со животната средина: Преку меѓусекторска соработка и активен ангажман на засегнатите страни, поддржуваме позитивни социјални и економски случувања во нашите области за набавки.

**Цели**

Како дел од нашиот годишен „Самит за одржливи набавки" на ниво на Групацијата и врз основа на анализата на материјалноста, ние поставивме одржливи цели за набавка. Овие цели се формулирани под акронимот SMART („специфични, мерливи, атрактивни, реални и временски дефиниран").

**Одговорност**

Управниот одбор на ЕВН Македонија АД Скопје го претставува највисокото раководно ниво кое е одговорно за спроведување на оваа политика.

**Управен Одбор на ЕВН Македонија АД, Скопје**